# Адвентистичка мисија за млади и возрасни

2019 • ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ • ИСТЧОНОЦЕНТРАЛНА АФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА





www.AdventistMission.org

# СОДРЖИНА

**На предната корица:** Ивон Мушимијамана, 27 години, го отфрлувала Бог за да стане поп – ѕвезда во Руанда. Меѓутоа, кога помалите деца посакале тетоважи како нејзините, увидела дека нешто не е во ред. Приказната за неа можете да ја прочирате на 18 страна од вашето списание.


**КЕНИЈА**
4 Една нога за 25 души / 5 октомври
6 8000 крштавања во 32 години од животот / 12 октомври T

**ЈУЖЕН СУДАН**
8 Луѓето со кики и таткото / 19 октомври T
10 Потрага во 13 цркви / 26 октомври
12 Сонот на цврстиот војник / 2 ноември

**РУАНДА**
14 Автобускиот проповедник / 9 ноември
16 Сираче на геноцидот / 16 ноември
18 Сестриното дело / 23 ноември T

**ИСТОЧНОЦЕНТРАЛНА АФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА**
20 Спасен од нехристијанската книга / 30 ноември

**ЕТИОПИЈА**
22 Сметководител без пари / 7 декември
24 Ништо нема да изгуби / 14 декември T

**ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА КОНГО**
26 Сираче купува сиропиталиште / 21 декември T
28 Програма на 13. сабота: Имам болки / 28 декември
30 Идни проекти на 13. сабота
32 Карти


T = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Вашите дарувања на дело




Пред три години, дел од даровите на 13 сабота беа употребени за изградба и опремување на училници за детската саботна школа, вклучувајќи ја и оваа, во три цркви во Киншаса во Демократкса Република Конго.

Seventh-day Adventist Church

© 2019 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа



Ова тримесечје ќе се посветиме на Источноцентралната африканска дивизија (ИЦАД) во која се наоѓаат 11 држави: Бурунди, Демократска Република Конго, Џибути, Еритреја, Етиопија, Кенија, Руанда, Сомалија, Јужен Судан. Танзанија и Уганда. Во овој дел од светот во кој живеат 393 милиони луѓе, Адвентистичката црква брзо напредува. Вклучувањето на сите верници во евангелските активности во Руанда довело до рекорден број на крштевања (110,000 луѓе) во мај 2016 година.

И другите држави од оваа дивизија придонеле за овој голем бран на крштевања, така што Црквата сега брои скоро 4 милиони верници, што претставува 1 адвентист на секои 100 луѓе.

Даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за седум проекти во четири држави.

Во главниот град на Демократска Република Конго, ја посетив адвентистичката клиника со 15 кревети во Киншаса во која посветениот медицински тим се моли и работи со ограничени средства. Меѓу нив е и Франк Мбунга Мудибу, медицински техничар кој се молел за својата сопруга Ники, да добијат бебе. Резултатот не бил онаков каков што очекувал, но тој е исполнет со благодарност кон Бога.

Во Кенија ја запознав една жена по име Филис Одиндо, која ја изгубила ногата бидејќи не го примила соодветниот медицински третман во главната државна болница. Таа се радува што загубата на нејзината нога довела до 25 крштевања. Црковните водачи сметаат дека нејзината нога можела да биде спасена доколку бил достапен потребниот третман.

Таа се надева дека со еден од проектите на 13. сабота, изградба на адвентистичка болница во Кисума, ќе може да се обезбеди таков соодветен третман во родниот град на Филис.

За Франк, Филис и другите луѓе читајте во овој број на мисионерското списание.

## Можности

Даровите на 13. сабота во ова тримесечје ќе бидат употребени за:

- Проширување на услугите на здравствената служба во Адвентистичката клиника во Киншаса во ДРК.
- Изградба на три аудиториуми на адвентистичкиот универзитет Филип Лемон во ДРК.
- Изградба на училници на Адвентистичкиот универзитет Гома во ДРК.
- Отворање на теренска канцеларија Вау во Јужен Судан.
- Основање на адвентистичко средно училиште во градот Јуба во Јужен Судан.
- Изградба на адвентистичката болница Кисуму во Кенија.
- Изградба на четири училници за детската саботна школа во Етиопија.



# Една нога за 25 души

КЕНИЈА | 5. октомври 2019

**Филис Одиндо, 45**

Во 2017 година Филис Одиндо почувствувала остра болка во левата нога.

Болката станувала сѐ понеиздржлива. Филис отишла во главната државна болница во градот Кисуму во Кенија, меѓутоа, никој не можел да ѝ помогне. Медицинскиот персонал во тоа време штрајкувал.

Без пари и со малку избор, Филис побарала помош во малата клиника. Докторот немал медицинска опрема за да направи рентгенска снимка. Ја погледнал нејзината нога и неговата препорака била дека треба биде ампутирана.

Филис, вдовица и мајка на син тинејџер, бидејќи не сакала да ја изгуби ногата, се вратила дома. Но, болката не престанувала и таа набргу се вратила на клиниката. Докторот ја ампутирал нејзината нога точно под коленото.

Три недели подоцна, Филис тешко се разболела. Не можела да се помести.

Отишла во главната болница да направи рентгенска снимка, а докторот изјавил дека гангрена ја зафатила раната на нејзината нога, и се проширила над коленото. Била потребна втора ампутација на истата нога.

По хируршкиот зафат, Филис била хоспитализирана. Нејзиното здравје се влошило толку многу што таа изгубила секаква надеж. Затоа ја повикала Ана, директорката на Службата на жени при адвентистичката црква во Кенија.

Кога ја видела Филис, Ана била убедена дека нејзината пријателка е многу блиску до смртта. Ана сесрдно се молела. По молитвата, Филис се почувствувала посилна, и побарала од Ана да продолжи да се моли за неа. Ана се согласила и така и направила, а потоа ѝ дала нешто да се напие.

Наредниот ден, Ана дошла во болницата со неколку други жени од црквата. Дошле и следниот ден и продолжиле да доаѓаат и да се молат

за неа секој ден. Пасторот на црквата и старешините исто така ја посетувале нудејќи охрабрување и молитва.

Во својот болнички кревет, Филис се молела: „Господе, имај милост кон мене. Оф Боже, затоа што имам само еден син“.

Нејзиниот син, кој сама го одгледала, ја напуштил адвентистичката црква по смртта на нејзиниот сопруг, пред 11 години. Бил лут на роднините на својот покоен татко кои ја презеле нивната куќа со сите работи во неа по смртта на сопругот на Филис. Во некои делови на Кенија, жената се смета за одговорна за добрата состојба на својот сопруг, а ја обвинуваат доколку тој умре. Роднините на нејзиниот покоен сопруг ја обвинувале Филис за смртта на сопругот, и ѝ зеле сѐ што имала.

Верниците на црквата секојдневно ја посетувале во текот на трите месеци кои таа ги поминала во болницата. Тие ѝ помогнале и околу плаќањето на медицинските трошоци и за здравственото осигурување.

Кога се вратила во својот изнајмен дом, верниците на црквата продолжиле редовно да ја посетуваат и да ѝ помагаат во секојдневните потреби.

А, потоа се случило нешто неочекувано. Осуммина пациенти од болницата побарале да бидат крстени. Биле трогнати од сочувството кои верниците на црквата го покажувале кон Филис, и така и тие посакале да бидат дел од таквата заедница. Потоа и седум брачни двојки, кои живееле во нејзино соседство, побарале да бидат крстени. Тие исто така биле трогнати од грижливата љубов што ја покажувале верниците на црквата кон Филис.

Кога од другиот крај на земјата дошла мајка ѝ на Филис за да ја посети својата ќерка, одделението Служба на жените од црквата „Кенија Ре“ дошле и ја прекинале додека се молела за појадок во нејзиниот дом.

Мајката на Филис била предана верничка на друга христијанска деноминација, но била толку восхитена што изјавила дека и таа сака да стане адвентист. Подоцна, заедно со една од сестрите на Филис и таа одлучила да се крсти.

Радоста на Филис била потполна кога нејзиниот син се крстил и се венчал во црквата „Кенија Ре“ во 2018 година.

Од моментот кога ја изгубила својата нога, биле крстени вкупно 25 души. Таа смета дека тоа е најпрекрасното нешто што го доживеала во својот мачен живот.

„Благодарна сум му на Бога што мојот син се врати во црква. Можеби имам само една нога, но сето тоа ни донесе многу духовни благослови не само на мене и на моето семејство туку и на 25 души што дојдоа кај Бога“.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на адвентистичката болница во родниот град на Филис, Кисума. Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар за промоција на физичкото и духовното здравје во Кенија.

## Во врска со приказната

- Пејте ја омилената песна на Филис „Дали Исус се грижи“ Во песнарката на адвентистичката црква, бр. 181
- Омилените стихови на Филис се: Псалм 23.
- Извадете ги сликите со средна големина за оваа приказна од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставуваат на фејсбук во недела, шест дена пред оваа приказна да биде изнесена.
- Сликите со голема резолуција можете да ги симнете од базата на податоци ADAMS:bit.ly/oneleg-25.
- Сликите со голема резолуција за проектите на 13. сабота, можете да ги симнете од  ADAMS-a:bit.ly/ECD-projects-2019.

## Мисионски информации

- Прв адвентистички мисионер во Кенија била Канаѓанецот А. А. Карскален кој дошол од Британија во 1906 година. Во текот на 14 месеци изградил неколку базични мисионски згради и го научил „Луо“ јазикот, кој никогаш порано не бил запишуван. Подоцна го превел Евангелието според Матеј на луо-јазикот, кое британското библиско здружение од Лондон го прифатило и го испечатило.
- Адвентистичкиот универзитет на Источна Африка „Баратон“ (УИАБ) е основан во 1980 година и станал прв приватен универзитет акредитиран од страна на владата на Кенија во 1991 година. УИАБ има класични студии и постдипломски студии од разни области: бизнис, просвета, здравствени науки, наука и технологија итн.



# 800 крштевања до 32 години од животот

КЕНИЈА | 12 октомври 2019

Францис Ндача, 32

Францис Ндача довел повеќе од 800 луѓе до крштевање во Кенија. Па сепак, тој има само 32 години и не е вработен од страна на Христијанската адвентистичка црква.

Како е можно тоа?

Францис не одел во црква додека растел во градот Нијери, во централниот дел на Кенија. Неговиот татко, овчар, припаѓал на една христијанска деноминација, а неговата мајка на друга. Немал желба да оди во ниедна од тие цркви.

Како млад отворил продавница со половни обувки во еден друг град, Китала, здружувајќи се со неколку проповедници од нехристијанска светска религија. Одлучил да се приклучи на нивната религија, но не доживеал обратување.

Еден ден присуствувал на јавен состанок на кој присуствувале тројца проповедници од нехристијанската светска религија и петмина христијански проповедници.

Состанокот, кој организаторите го нарекле „Дијалог“, бил усогласен со дозвола на локалните власти и на говорниците им овозможил наизменично да разговараат за своите верувања на градската улица.

Францис бил изненаден кога слушнал дека нехристијанските проповедници зборуваат за добри и за лоши духови. Тие зборувале дека духовите што ја помагале нехристијанската религија биле добри, а оние другите лоши. Во тој момент, Францис решил да не се придружи кон таа религија.

Иако имал многу мало религиозни знаење, сметал дека сите духови, всушност се паднати ангели и демони. Одбил да поверува во постоењето на добри демони.

Кога дијалогот завршил, Францис ги запрашал христијанските проповедници која црква ја претставуваат.

„Христијанската адвентистичка црква“, одговорил еден од нив. Францис никогаш порано не слушнал за адвентистите.

На својата работа, прашал еден постар човек кој продавал обувки во близина на Адвентистичката црква.

„Тоа е сатанска црква“, одговорил стариот човек. „Таа ги подучува луѓето за ѕверови со рогови на главите“.

Францис одлучил да не стане адвентист.

Поминале осум месеци, а тој повторно присуствувал на еден јавен дијалог. Седум дена по ред одел на овие предавања. Проповедниците адвентисти ги вклучувале библиските проучувања во своите презентации, а Францис се уверил и бил убеден дека ја изнесувале вистината.

Тој и уште тројца други што проучувале со него биле крстени.

Францис, кој тогаш имал 20 години сакал веднаш да го објавува евангелието за Исус. Набавил книги и разни ДВД дискови за да научи како да проповеда. По една година, ја продал својата продавница со обувки и почнал да патува од град во град, проповедајќи на улиците и учествувајќи во дијалози со проповедниците од нехристијанската светска религија.

Кога луѓето побарале да бидат крстени, ги упатувал во Адвентистичката црква.

„Додека проповедаме, присуствуваме на многу чуда кои Христос ги прави преку нас“, вели Францис. „Само во изминатиот месец, педесетмина побараа да бидат крстени“.

Во едно место, локалните нехристијански проповедници настојувале да дојдат и да им помогнат нивните проповедници од главниот град на Кенија, Најроби, за да се спротивстават на пропове-

## Во врска со приказната

- Погледнете го видео клипот за Францис на јутјуб: bit.ly/Francis-Ndacha.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна, од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставуваат на интернет во недела, шест дена пред да биде презентирана оваа приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги симнете од базата на податоци: bit.ly/800-Baptisms-at-Age-32.
- Сликите со голема резолуција за проектите на можете да ги симнете од ADAMS: bit.ly/ECD-projects-2019

## Брзи факти

- Кенија има најголем број квекери во светот околу 133.000 членови.

дањето на Францис во јавниот дијалог.

Проповедниците дошле, а Францис разговарал со нив во наредните четири дена. Петтиот ден, локалното свештенство им забранило на своите верници да присуствуваат на дијалозите.

Тогаш полицијата побарала од Францис да го напушти градот.

„Не крстивме никој, но локалната адвентистичка црква беше многу благодарна за нашите напори, давајќи ни идеја за нов систем на огласување на уличните состаноци“.

Во јули 2018 година, учествувал во дијалог во град во кој многу луѓе припаѓале на нехристијанска религија. Додека луѓето го слушале како го споредува учењето од нивната света книга со Библијата, многумина одлучиле подобро да го запознаат Христа. Поради ова еден од службениците, кој не бил христијанин и кој го наредил апсењето на Францис, многу се разлутил.

Додека бил во полициската станица, народот се собрал пред неа, барајќи Францис да биде ослободен. „Дозволете му да продолжи да проповеда“, извикувале тие. „Сега ја дознавме вистината“.

По пет часа, Францис бил пуштен со кауција од 10,000 шилинзи (100$), а толпата се растурила.

Назад на улицата, Францис го променил насочувањето на своите презентации на библиските пророштва. Дваесет и седум луѓе биле крстени, а еден човек, кој бил одгледан во нехристијанско семејство го завршил библискиот курс за подготовка за крштавање. Тој изјавил дека токму проблемите на Францис со полицијата го привлекле кон Христа.

„Видов како дејствуваа нехристијаните и видов дека не беа искрени. Како можеа да користат сила и да го уапсат? Не се искрени“.

Францис постојано патува со својата сопруга, четиригодишната ќерка, синот од три месеци и неколку адвентистички пријатели кои му помагаат во проповедањето. Тој вели дека никој не мора да биде пастор за да го објавува скорото Христово доаѓање.

„Дури и не е потребно да работите за Црквата за да проповедате. Секој може да ја изнесува Радосната вест за Исусовото скоро доаѓање!“



# Луѓето со кики и таткото

ЈУЖЕН СУДАН | 19 октомври 2019

Мајкл Куџу, 38

Откако знаел за себе, Мајкл Куџу го мразел својот татко. Кога некој го прашувал за татко му, Мајкл одговарал, „Татко ми е мртов". Тоа покажувало колку го мразел.

Татко му се развел од мајка му кога Мајкл имал 9 години, додека живееле во Уганда. Некое време Мајкл ја посетувал фармата на татка си, но тогаш татко му го терал да ги работи најтешките работи. И кога ќе ја завршел работата, не му давал да јаде. Момчето се чувствувало искористено.

Еднаш, во текот на една посета кај својот татко, Мајкл ѝ рекол на мајка си: „Не можам повеќе да одам кај татко ми". И навистина, тој никогаш повеќе не се вратил на фармата. Меѓутоа, долго време не можел да ја заборави својата огорченост. Животот бил тежок, а тој го обвинувал својот татко. Сметал дека животот би му бил полесен кога татко му не би ги напуштил.

Кога завршил трета година средно училиште, Мајкл го напуштил училиштето и станал рапер.

Се преселил во Кенија, каде две години работел по ноќните клубови пуштајќи долга коса сплетена во кики. Кога, еден ден вујко му го повикал да дојде во Јужен Судан, продолжил со своите хип-хоп сеанси во ноќните клубови во Јуба.

Еден ден, додека Мајкл си одел по улица, еден човек, сопственикот на една продавница му се обратил и го прашал: „Во која црква одиш"?

Мајкл застанал, а потоа му одговорил: „Јас не одам во црква!"

„А зошто не одиш?"

„Погледни ме", рекол Мајкл покажувајќи му ги своите долги кики. „Зар мислиш дека ваков можам да одам во црква?"

„Да, можеш да одиш во црква!"

Мајкл го прашал човекот во која цркви оди и дознал дека тоа била централната адвентистичка црква во Јуба.

„Луѓето во таа црква имаат лажни молитви со лажни исцелувања“, му рекол на човекот.

Сопственикот на продавницата го повикал Мајкл да дојде, но тој го одбил.

Следниот пат кога Мајкл поминувал покрај продавницата, ја свртел главата на другата страна, додека сопственикот на продавницата го повикувал. Меѓутоа, сопственикот повторно го повикал и наредниот пат кога го видел, „Почнуваме со тринеделна евангелска серија следната сабота, зошто не дојдеш?“

Овој пат Мајкл решил да дојде. На состаноците, на Мајкл му се допаднале непосредните молитви упатени на Бога. Потоа пасторот зборувал за седмиот ден, саботата, цитирајќи стихови од Библијата за да покаже дека Бог не го променил празнувањето од сабота во недела.

Кога се враќал дома, Мајкл внимателно ја читал Библијата и се уверил дека денот што Бог го одредил за празнување е сабота, а не недела.

Во текот на последната сабота од евангелските предавања, Мајкл со уште неколкумина други луѓе бил крстен во реката Нил. Никој ништо не рекол за неговите долги кики.

Меѓутоа, кога почнал да доаѓа во црква во саботите, слушал коментари за својата коса, „Ти си крстен верник, зар не сакаш да ја потшишаш својата коса“, прашал еден верник на црквата.

„Дали ти сакаш да ме предизвикаш“, одговорил Мајкл. „Дури и Самсон имал долга коса. Оваа коса не е нешто лошо.“

„Но, луѓето те гледаат поради твојата коса“, одговорил верникот.

„Не ми е гајле, не би требало да судиме за другите луѓе според изгледот“, рекол Мајкл.

Меѓутоа, Мајкл знаел дека нешто не е правилно. Кога го изнесувал своето лично сведоштво во неколку цркви, секогаш започнувал: „Не плашете се од мојот изглед, јас сум еден од вас“.

Во длабочината на своето срце сакал да знае дали адвентистите навистина го прифатиле или само го користат за своите цели, како што неговиот татко тоа го правел пред многу години. Поминала една година и за тоа време сфатил дека верниците на црквата навистина го сакаат. Се вратил во својот дом ги исекол киките.

Во тој момент се сетил на татка си. Прочитал во Евангелието според Матеј, „Ако вие не им ги простите на луѓето нивните престапи, ни вашиот Татко нема да ви ги прости вашите“ (Матеј 6,15).

Се молел: „Ако е волјата твоја така нека биде. Научи ме да простувам“.

Му требало три месеци да го пронајде телефонскиот број на татко му. Мајкл очекувал дека татко му ќе биде лут, но не било така.

„Кој е тоа? Зар тоа не е мојот син“, прашал татко му.

„Да, јас сум“, рекол Мајкл. „Тешко ми е да објаснам што се случи“:

„Нема врска, немој да се грижиш, сакам само да ми се вратиш како син. Дојди дома кога ќе можеш, а јас ќе ти го дадам мојот благослов“.

Триесетте години омраза исчезнале од срцето на Мајкл.

„Мислев дека ќе го мразам до крајот на својот живот“, вели Мајкл, кој денес има 38 години и работи како возач извршувајќи ситни работи во Јуба.

„Меѓутоа, сè се промени поради проповедта што ја слушнав во адвентистичката црква. Таа црква навистина ги подготвува луѓето за Небото“

Ви благодарам што со своите дарови за 13. сабота во 2016 помогнавте да се изградат детските саботношколски училници во централната адвентистичка црква во Јуба, во која Мајкл редовно оди на богослуженијата во сабота.

Дел од даровите за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на средно училиште во близина на црквата.

## Во врска со приказната

- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна, од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставуваат на интернет во недела, шест дена пред оваа мисионерска приказна да биде презентирана.
- Сликите со голема резолуција можете да ги симнете од ADAMS базата на податоци: bit.ly/Dreadlocks-and-Dad.
- Сликите со голема резолуција за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од ADAMS: bit.ly/ECD-projects-2019.



# Потрага во 13 цркви

ЈУЖЕН СУДАН | 26 октомври 2019

Мери Џон Ајџа, 42

Мери Џон Ајџа никогаш не размислувала дека потрагата по црква може да биде толку тешка. Пораснала присуствувајќи на богослуженијата во главната христијанска деноминација во Јужен Судан. Меѓутоа, не се чувствувала среќна. Не можела да го види единството, ниту да почувствува љубов. Кога наполнила 16 години отишла во друга црква.

Во новата црква забележала како луѓето жестоко се борат да бидат ѓакони или старешини. Постојано се расправале околу тоа кој би бил главен. Не почувствувала ниту малку љубов, и по две години си заминала.

Наредната црква изгледала мисионски ориентирана. Но, кога црквата примила голема количина хуманитарна помош во облека, верниците почнале да се расправаат околу тоа како да ги поделат сукњите, панталоните, маиците меѓу себе. Мери ја напуштила и таа заедница.

Во четвртата црква Мери се разболела додека го чистела црковниот двор. Додека чистела, почувствувала ненадејна болка во ногата. Ногата почнала да ѝ отекува. Отишла кај вражар, кој, откако ја слушнал нејзината приказна, изјавил дека таа стапнала на некој проколнат дел додека чистела. Некој во црквата бил непријателски расположен против неа и малициозно целел на неа со проклетство, ѝ рекол.

Вражарот зел еден жилет и правел мали исеченици на нејзиното тело од главата до прстите на нозете, потоа излеал топла вода на неа и ѝ го истрил телото со некои корења. Потоа ѝ дал да пие чај од тие корења. Овој третман го извршувал два пати дневно во наредните три години. Мери била во големи болки и не можела да оди, туку ползела.

Еден ден, болката одеднаш исчезнала и таа можела повторно да оди. Вражарот изјавил дека неговиот третман бил успешен и ѝ ја кажал цената на Мери: две кози и голема сума пари.

Мери не се вратила во својата црква, плашејќи се дека повторно ќе биде под клетва. Избрала петта црква и верно одела секоја недела на богослужение додека не се отворила нова црква во нејзина близина.

Потоа, дошла седмата, па и осмата црква.

Во меѓувреме Мери родила син. Додека лежела в кревет пиејќи вода од чаша, почувствувала остра болка во вратот. Вратот почнал да ја стега. Вражарот ѝ рекол дека некој се обидува да ја убие ставајќи ѝ нешто во чашата.

Мери поминала уште една година во кревет, а вражарот секојдневно и давал да пие чај од некој корен. Најпосле се излечила.

Мери продолжила да оди во нови цркви барајќи љубов и единство. Се разболела уште двапати, а вражарите и во двата случаи причините ги гледале во уроците. Четвртиот пат вратот ѝ потекол, а отоците се прошириле по целото тело. Вражарот тогаш ѝ рекол дека некој нешто и ставил во нејзината храна, но не можел со ништо да ѝ помогне. Мери отишла кај друг, потоа кај трет вражар. Сите се согласиле со изјавата дека некој ѝ ставил отров во нејзината храна. Ги користеле своите компјутери за да ѝ покажат каде се наоѓа отровот, но никој не можел да ѝ понуди исцелување.

Во тоа време, Мери одела во тринаесеттата црква, и за прв пат одлучила да му се моли на Бога за помош. Во својот очај се молела и постела три дена, а потоа отишла во болница.

Кога докторот слушнал дека се молела и постела, рекол, „Тоа е најдобрата работа која си можела да ја направиш. Ти си побарала помош од главниот Лекар“.

Ѝ дал инјекција и отокот исчезнал.

Мери била среќна што Бог одговорил на нејзините молитви, но и понатаму не чувствувала мир во црквата во којашто одела. Проблемот исчезнал кога со двајца пастори почнала да работи на ситнење големи камења на помали делови на планината близу главниот град на Јужен Судан, Јуба.

Пасторите и таа се расправале околу тоа како да го продадат иситнетиот камен. Мери размислувала: „Во новата црква исто така недостасуваат љубов и единство. Се прашувала каде да се обрати“.

Во тој момент се сетила на Христијанската адвентистичка црква. Тоа била единствена црква која никогаш не ја посетила.

Се сетила како гледала љубов на лицата на адвентистите додека разговарале.

„Тоа е тоа, им рекла на двајцата зачудени пастори. Ќе одам во адвентистичката црква“.

Мери одела на евангелските состаноци во Јуба, и во април 2017 година решила да му го предаде својот живот на Христа и да се крсти. Подоцна, нејзиниот сопруг и постариот син исто така биле крстени.

Мери повеќе не се плаши од уроци.

„Сега сум слободна и среќна. Повеќе не се плашам дека ќе бидам отруена, бидејќи Исус е посилен од која било клетва“, кажува таа.

Пред извесно време се сретнала со еден од пасторите со кои ситнела камен.

„Изгледаш толку здраво и среќно. Како е тајната?“, ја прашал.

„Ја најдов радоста и вистината“, му одговорила. „Го најдов вистинското единство меѓу Божјите деца“.

Ви благодарам што во 2016 година со своите дарови на 13. сабота помогнавте да се изградат детските саботношколски училници во централната адвентистичка црква во Јуба, во која Мери го слави Бога и ја празнува саботата.

## Во врска со приказната

- За Мери погледнете на јутјуб на линкот: bit.ly/Mary-ljaa.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна, од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставени на Интернет во недела, шест дена пред да биде презентирана оваа мисионерска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од ADAMS базата на податоци: bit.ly/Seaching-in-13-Churches.
- Сликите со голема резолуција за проектите на 13. Сабота можете да ги преземете од ADAMS: bit.ly/ECD-projects-2019.



# Сонот на цврстиот војник

ЈУЖЕН СУДАН | 2 ноември 2019

Данијел Денг Мачиек, 39

Данијел Денг Мачиек, висок силен војник во војската на Јужен Судан не сакал да се бори. Источноафриканската област била жариште на крвава граѓанска војна, а Данијел не сакал да ги убива своите сонародници.

Три дена постел и се молел за мир во декември 2013 година.

„Мили Боже, Ти си вистински Бог, нема друг Бог освен Тебе. Јас сум војник, а луѓето сакаат да се борам против моите земјаци. Те молам, Ти води го народот на Јужен Судан“.

Третата вечер, Данијел во текот на ноќта сонил сон. Три ангели обвиени со светлина се појавиле во неговата спална соба во Јирол, неговото родно место кое се наоѓало на осум часа возење со автобус, северозападно од главниот град на Јужен Судан, Јуба.

„Разбуди се и пеј песна со нас“, му рекол еден од ангелите. Зачуден, Данијел прашал: „Од каде дојдовте?“

„Твојот пост и молитва допреа до Творецот. Испратени сме да те крстиме“, рекол ангелот.

И понатаму во сонот, Данијел им се придружил на ангелите во пеењето песни во слава на Исусовото дело на спасување на луѓето. Потоа ангелите го одвеле до езерото Јирол надвор од градот. Еден ангел го облекол Данијел во бел фустан и го крстил во езерото, додека двајцата други гледале.

Потоа ангелите му дале Библија и го упатиле во блиската црква.

„Таму ќе најдеш нешто интересно“, рекол еден од нив.

Тогаш ангелите исчезнале. Данијел влегол во црквата. Видел мртви луѓе што лежат на подот. Само едно мало двегодишно момче било живо. Му рекол на момчето да се моли заедно со него. Додека се молеле, мртвите верници оживеале.

Во тој момент, Данијел се разбудил од сонот. Во наредните три години размислувал што значи тој сон.

Во 2017 година запознал христијански пастор, кој заедно со сопругата го крстил за време на неделната богослужба. Кога излегол од водата, направил нешто што тој, како возрасна личност, никогаш порано

не го направил – заплакал.

„Зошто плачам“, го прашал пасторот.

„Тоа е дело на Светиот Дух“, одговорил пасторот.

Данијел бил збунет и бесен. Бесот направил да плаче уште повеќе. Се чувствувал многу непријатно. Мажите во Јужен Судан не плачат, а цврстите војници не смеат да плачат. Во наредните два дена, Данијел постојано плачел.

Во тоа време го посетил неговиот дваесегодишен внук Абрахам. Не можејќи да ги скрие солзите, Данијел му рекол дека плаче уште од своето крштевање.

„Вујче, зошто се крстеше во таа црква“, го прашал Абрахам, „тоа не е вистинската црква“.

Абрахам го упатил својот вујко низ библиското проучување за саботата како седми ден и ден за одмор.

Истиот момент кога го сфатил тоа, Данијел бил убеден дека треба да го прославува Бога во Христијанската адвентистичка црква на Абрахам.

Наредната сабота, заедно со својата сопруга отишол во централната адвентистичка црква во Јуба. Три месеци подоцна, на 20 јануари 2018 година, оваа брачна двојка била крстена.

## Во врска со приказната

- Погледнете го видео клипот са Данијел на линкот: bit.ly/Daniel-Machiek.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзана со оваа приказна, од нашата фејсбук страница:bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставени на Интернет во недела, шест дена пред да биде презентирана оваа мисионерска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од ADAMS базата на податоци: bit.ly/Tough-Soldiers-Dream.
- Сликите со голема резолуција за проектите на 13. Сабота можете да ги преземете од ADAMS:bit.ly/ECD-projects-2019.

## Мисионски информации

- Првите обратеници во Судан биле Мунир Андравис и неговата сопруга кои, откако завршиле со школување на Блискоисточниот колеџ во Бејрут, во 1955 година се вратиле во Судан, и го започнале мисионското дело во главниот град. Тие делеле хуманитарна помош во облека и промовирале активности на дописната библиска школа.
- Црквата поседува медицински центар, адвентистичка клиника Мунуки, Дописна библиска школа, радиостаницата „Спасение радио FM“ во градот Јуба во Јужен Судан.
- Најзастапени религиите во Јужен Судан, освен традиционалните автохтони религии, се христијанството и исламот.


17

Данијел не пуштил ни солза кога излегол од водата.

„Мојот сон се исполни", им рекол на собраните верници, на кои им ја раскажал приказната за својот сон.

Кога ја виделе радоста на Данијел, еден од неговите браќа и неговата сопруга биле крстени, а неговата мајка се подготвува за тој обред.

Данијел кој денес има 39 години, е восхитен од начинот на кој Бог одговорил на неговата молитва. Се молел за мир во Јужен Судан во 2013 година, а Исус му одговорил со сон преку кој му го покажал патот кон вистинскиот мир – со крштевање да му го предаде своето срце на Исуса.

„Среќен сум! Нема повеќе солзи. Никогаш не сум се чувствувал посреќен, како сега, откако сум крстен.

Ви благодарам за даровите на 13. сабота во 2016 година кои помогнаа да се изградат училници за детската саботна школа во централната адвентистичка црква во Јуба, во која Данијел го прославува Бог во саботите.

Дел од даровите од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на средно училиште во близина на црквата во Јуба.



## Автобуски проповедник

РУАНДА | 9 ноември 2019

Самуел Ндагицииман, 59

Некои луѓе, додека се возат со автобус на работа, имаат обичај да читаат книги или да играат игрички на своите мобилни телефони.

Самуел Ндагициман проповеда!

Додека патува на работа секое утро во главниот град на Руанда, Кигали, Самуел зборува за Исус и за Неговото скоро доаѓање.

Никогаш не знаел дали неговите зборови имаат какво било влијание на слушателите, сѐ додека еден ден додека поминувал една улица во Кигали, некоја жена не му се обратила.

„Пасторе, ве молам застанете", му рекла.

Самуел не бил пастор, но се навикнал луѓето да му се обраќаат на тој начин поради својот обичај да проповеда во автобусите. Застанал

и изненадено ја погледнал жената велејќи - „Не ве познавам, дали сме се сретнале некаде?“

„Работите мошне добра работа, но можеби вие тоа и не го знаете“, му рекла жената. „Се сретнавме во автобусот, а вие проповедавте за проблемот што јас го имав“.

Жената го потсетила Самуел дека едно утро проповедал за тоа дека треба да го ставиме Бога на прво место.

Кажавте: „Кога ќе дојдете на работа, дајте му на Бога прво место во своите планови. Направете Бог да биде прв во сѐ што зборувате, прв во сѐ она што го правите“, рекла.

Пораката влијаела на неа да донесе вистинска одлука веднаш штом дошла на своето работно место.

„Кога стигнав на работа се соочив со еден многу предизвикувачки проблем. Клекнав и се молев, „Боже, оној Божји човек кој проповедаше утрово рече дека треба да бидеш на прво место во мојот живот. Помогни ми да те ставам на прво место во мојот живот“.

По молитвата, се чувствувала посилна и знаела што ќе му каже на својот шеф. Поминале неколку часа и шефот дошол на работа и застанал пред нејзината маса. „Кога можеме да одиме“, ја прашал.

„Шефе, не сакам да грешам“, одговорила. „Не можам да одам со вас од три причини. Прво, јас сум мажена жена и треба да му бидам верна на својот сопруг. Второ, јас сум христијанска и нема да грешам против својот Спасител. Трето, јас сум водач во својата црква, и треба да им бидам пример на другите“.

Шефот не очекувал ваков одговор.

„Ти приоѓав многу пати, и никогаш не кажа ниту да, ниту не. Зошто? Го слушна мојот предлог, но не донесе никаква одлука.“

Неговото лице се намуртило.

„Ќе бидеш отпуштена од работа поради ова“, за’ржал, и набрзина ја напуштил просторијата.

Жената длабоко воздивнала и се помолила. Не сакала да биде отпуштена од работа.

„Боже, јас Те прославив на своето работно место, направив да бидеш Прв. Ако бидам отпуштена, Те молам, грижи се за моите деца“.

За да биде отпуштена, требало да прими писмено решение од својот шеф дека е отпуштена од работа. Мислела дека решението ќе ѝ биде врачено следниот ден, но тоа не се случило. Поминал и вториот ден, но писмо немало.

Таа вечер, на телевизиските вести, слушнала дека нејзиниот шеф бил отпуштен. Плачела и го славела Бога.

На улица, жената му рекла на Самуела: „Требаше да бидам отпуштена, но јас задржав работата. Не му заблагодарувам на Бога за тоа што мојот шеф е отпуштен, туку затоа што Бог ги штити оние кои Го ставаат Него на прво место во својот живот“.

Самуел бил решен да продолжи да проповеда во автобусите. Тој, исто така, понекогаш проповеда и на улиците. Меѓутоа, најмногу од сè, тежнее да проповеда без зборови. Со Божја помош се труди неговата појава, активности и дела да го откриваат Христа на другите луѓе.

Верниците на црквата ширум светот исто така проповедаа без зборови кога учествуваа со своите дарови на 13-тата сабота во 2016 година, кои помогнаа да се отвори медицинско училиште на кампусот на Адвентистичкиот универзитет во централна Африка во Кигали.

Самуел вели дека му благодари на Бога за медицинското училиште, во кое професорите и учениците помагаат во ширењето на евангелието во цела Руанда.

## Во врска со приказната

- Во детското мисионерско списание прочитајте како ангелот го запалил тутунот на Самуел.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна, од нашата фејсбук страница:bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставени на интернет во недела, шест дена пред да биде презентирана оваа мисионска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од базата на пдоатоци ADAMS:bit.ly?Bus-Preacher.
- Сликите до голема резолуција за проектите 13. Сабота можете да ги преземете од ADAMS: bit.ly?ECD-projects-2019.

## Мисионски информации

- Адвентистичкото дело какво што е сега во Руанда, го започнал Д.Е. Делхове, млад работник од Белгија, кратко време по Првата светска војна. На почетокот на војната Делхове бил регрутиран во белгиската војска и во текот на војната служел како воен пастор во источниот дел на Африка, кој подоцна станал Руанда. По војната, неговото семејство и тој се одредени да бидат мисионери во пределите во кои немало адвентистичко присуство. Делхове барал земја на која би изградил мисионерска станица. Му биле дадени 50 хектари, 18 км северно од градот Нијанзе, на нискиот гребен познат по името Рид на черепите. Суеверните мештани ја избегнувале оваа област, бидејќи верувале дека во минатото кралот на Руанда ја проколнал. Тука е поставена основата за мисијата Гитва.

## Брзи факти

- Руанда го држи светскиот рекорд по најголем број жени во парламентот. Повеќе од 60% од членовите на парламентот се жени.



# Сираче на геноцидот

РУАНДА | 16 номеври 2019

Делфина Унивез, 25

Моите најрани сеќавања се плачење поради загубата на моите родители во христијанското сиропиталиште. Постојано го прашував персоналот кога ќе можам да ја видам мајка ми.

„Ќе ја видиш“, ме уверуваа.

Си мислев дека мајка ми отишла некаде, и чекав да се врати. Меѓутоа, како што поминуваше времето, се чувствував се побезнадежно.

Меѓу персоналот имаше жени кои беа замена за мајка. Мојата беше адвентистка и се викаше Брижит. Мојата нова мајка ме одведе во црква и многу ми се допадна промената на атмосферата. Верниците во црквата беа мошне љубезни.

Меѓутоа, властите ги затворија сите сиропиталишта кога имав седум години и мене ме посвои едно семејство. Очекував дека семејството ќе го осветли мојот живот, но се случи спротивното.

На почетокот, семејството внимателно постапуваше кон мене... Имаа ќерка која се викаше Мутеси и беше на иста возраст со мене. Тоа ме исполнуваше со радост, бидејќи очекував нејзините родители да ме сакаат исто како што ја сакаат и неа. Но, не беше така.

Наутро, пред да одам на училиште морав да ја исчистам куќата и да донесам вода. Поради овие работи доцнев на училиште, а наставниците ме казнуваа со тепање.

Понекогаш, учителите ме исфрлуваа од настава, велејќи ми да си одам дома, но морав да чекам надвор од училишната зграда, додека не заврши наставата за да можам пешки да се вратам дома со посвоената сестра.

Мојата нова мајка знаеше дека таа е извор на моите проблеми, но не правеше ништо за да ги реши.

Набргу почна отворено да покажува омраза кон мене. Одбиваше да ми даде храна кога беше време за оброк, и ми зборуваше да престанам да ја нарекувам мајка.

„Јас не сум твоја биолошка мајка“, ми зборуваше.

За разлика од неа, Мутеси ме сакаше. Плачеше кога гледаше како трпам, ми даваше храна и млеко, иако мајка ѝ ми префрлуваше што дели со мене. И татко ѝ на Мутеси ме сакаше.

Сѐ стана уште полошо на крајот од училишната година кога имав 13 години. Ги положив сите свои испити, а Мутеси не успеа. Тој ден, кога се вративме дома, мајка ѝ на Мутеси ме исфрли на улица. За среќа, други згрoживачки семејства ме прифатија во текот на наредните неколку години. Властите исто така ми помагаа. Не го завршив средното училиште.

Додека растев и созревав, животот ми изгледаше безнадежен секој ден сѐ повеќе и повеќе. Ги мразев сите околу себе, и бев убедена дека сите ме мразат. Се прашував дали Бог ме познава, и почнав и Него да го мразам.

Се обидов да извршам самоубиство опивајќи се со алкохол, но не успеав.

Еден ден, додека поминував по една улица во градот Њамата, го слушнав преку звучник гласот на еден проповедник.

Проповедникот Фредерик Мусони држеше евангелски предавања во Христијанската адвентистичка црква.

„Дали сакаш да бидеш човек“, праша. Звучеше како да ме се обраќа мене лично. Го слушав некое време. Начув глас кој му се обраќаше на моето срце: „Биди спокојна, те сакам“.

Кога проповедникот го повтори повикот, гласот повторно му се обрати на моето срце и јас одговорив. Во црквата, проповедникот се помоли за мене, и си отидов дома исполнета со радост.

Таа ноќ, за прв пат во мојот живот заспав мирно.

На крајот од таа серија евангелски предавања бев крстена заедно со уште 150 луѓе. Бевме меѓу 110,000 крстени души по три седмици евангелски предавања, кои симултано се одржуваа на 2027 места насекаде низ Руанда во текот на 2016 година.

Кога излегов од базенот за крштавање, почувствував мир и слобода во моето срце. Почнав да ги сакам другите луѓе, сфатив дека Бог никогаш не ме напуштил. Го сакам Исуса кој умрел за мене.

Денес имам 25 години. Изработувам и продавам ракотворби.

Ако сте родител и имате удобен дом, ве молам грижете се за некое дете на кое му требате. Немојте да изговарате остри зборови пред тоа


22

дете, дури и кога ќе порасне, тоа нема да го заборави она што го слушнало.

Ако страдате, можеби затоа што не сте негувани од своите родители, знајте дека мирот се наоѓа само ако дозволите Исус да биде во вашиот живот. Исус е вистинскиот Родител, Утешител и спокој на животот.

## Во врска со приказната

- Делфина била дополнително натажена кога го посетила меморијалниот центар на геноцидот во Кигали како ученичка во средното училиште. Откако го видела ужасот од геноцидот, не проговорила шест месеци. Кога почнала повторно да зборува, нејзиниот глас бил трајно променет.
- Погледнете го видео клипот на јутјуб со Делфина на линкот: bit.ly/Delphine-Uwinez.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна, од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставени на Интернет во недела, шест дена пред да биде презентирана оваа мисионерска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од базата на податоци ADAMS:bit.lyOrphan-of-Genocide.
- Сликите со голема резолуција за проектите за 13. Сабота можете да ги симнете од ADAMS:bit.ly/ECD-projects-2019.

## Брзи факти

- Руанда е рурална држва со околу 90% од населението кое главно се занимава со земјоделство.
- Руанда е една од трите афрички држави во кои можете да видите горили во дивината. Горилите се најчест вид на мајмуни во областа на централна Африка, која го опфаќа западниот дел на Руанда. Горила – туризмот е главен извор на приходи кој на Руанда и донесува милиони долари годишно.



# Сестриното дело

РУАНДА | 23 ноември 2019

Ивон Мушимијамана, 27

Ивон радосно прифатила да пее на концертот во своето средно училиште. Позајмила тесна припиена облека од своите пријатели, избрала шарена шминка, за да го привлече вниманието на публиката кога ќе биде на бината. А потоа пеела од срце.

По концертот, учениците се собрале околу неа. „Зошто го закопуваш својот талент“, прашал еден. „Престани да носиш долги фустани здолништа“, ѝ рекла друга.

„Облеката на адвентистичките девојки не одговара на твојата убавина и на твојот убав глас“.

Ивон ги сакала овие пофалби, и ја прифатила поканата на своите нови пријатели да остане на забавата по концертот. Многумина од нејзините пријатели адвентисти, по концертот, отишле на богослужба во црквата за почеток на саботата.

Во сабота наутро, Ивон, како и обично, отишла во црква. Меѓутоа, црковните водачи дознале дека таа, заедно со уште четворица други тинејџери адвентисти, била на забавата. Сите биле казнети.

Четворицата барале простување ветувајќи дека повеќе никогаш нема да ја кршат саботата. Но, Ивон одбила да се извини.

„Не можам“. Му рекла на пасторот, „сакам да продолжам да пеам и да играм“.

Престанала да оди во црква во сабота. Го променила својот стил на облекување и начинот на кој одела. Каде и да одела, луѓето застанувале да ја гледаат. Наскоро станала една од најпопуларните девојки во училиштето.

Нејзината популарност уште повеќе пораснала која таа почнала да компонира свои песни. Нејзината прва песна станала хит на кампусот, а таа среќно се смеела кога видела дека и учениците и професорите ја слушаат.

Новиот живот на Ивон почнал да ѝ одзема многу време и таа почнала да ја избегнува наставата. Сепак, ги положила завршните испити

со високи оценки. Изненадените професори ја прашувале како успеала да добие добри оцени, а не ја посетува наставата.

Не знаела што да одговори, но во себе си помислила дека причината е во тоа што мајка ѝ се молела за неа.

На универзитетот во главниот град на Руанда, Кигали, Ивон вредно работела за да стане поп-ѕвезда. Себеси се нарекла Сестра Ивон, и снимала песни во професионални и музички студија. Снимала и видеоклипови и настапувала во барови и ноќни клубови. Дополнително ја надоградувала својата гардероба и шминка за да се поклопи со стиловите на поп-ѕвездите.

Носела по три обетки на секое уво и пирсинг на носот. Се тетовирала.

Нејзините родители, кои останале дома во Источна Руанда, биле тажни и разочарани, и престанале да ѝ испраќаат пари.

Меѓутоа, Ивон не се откажувала. Кога увидела дека не заработува доволно од концертите за да ги плати своите сметки, се обидела да се вработи како продавач на женска облека во градскиот трговски центар. Потоа се вработила како воспитувачка во градинка.

Децата биле воодушевени кога Ивон се појавила го градинката облечена во искинат шорц од тексас, покриена со парчиња накит. Во своите домови, децата ги молеле своите мајки да им дозволат да се тетовираат и да носат пирсинг. Кога мајките дознале дека децата биле инспирирани од својата нова воспитувачка, потрчале во градинката да се жалат.

Постојаните обвинувања ја натажиле Ивон, која живеела за викендите кога можела да игра во ноќните клубови.

Меѓутоа, танцувањето не ја намалило нејзината тага. Не знаела што да прави.

Еден ден, додека седела во својот дом, го слушнала гласот на проповедникот од звучникот на блиската адвентистичка црква. Не сакала да ја слуша проповедта. Ја треснала вратата од својата спална соба и пуштила гласна музика.

Наредниот ден, проповедникот повторно проповедал. Потоа проповедал и третиот ден. Блиската адвентистичка црква Рујензи одржувала тринеделна евангелска серија предавања.

Најпосле, Ивон попуштила и од својот дом почнала да ја слуша проповедта. Зборовите на проповедникот го грееле нејзиното срце. Почна-

ла да оди на предавањата во црквата. Била крстена на последното предавање, посветувајќи му го својот глас на Бога.

Денес, Ивон има 27 години и работи во градинка. Таа, исто така пее и компонира песни во слава на Бога, но сега тоа се христијански песни, и е единствена жена-водач во својата црква.

„Благодарна сум му на Бога што ме сочува додека одев по својот пат. Ако не беше неговата заштита, до сега можеби ќе бев мртва".

Посебно им е благодарна на своите родители кои ја воспитувале според библиските вредности. Таа ја увидува вистината во стихот: „Упатувај го детето по неговиот пат, па кога и ќе остари, нема да отстапи од него" (Мудри изреки Соломонови 22,6).

„Сигурна сум дека ми помогнаа поуките на мајка ми што ми ги упатуваше во мојата младост. Иако одев низ животот оддалечувајќи се од Бога, зборовите на мајка ми беа во моето срце".

## Во врска со приказната

- За Ивон погледнете на видео клипот на јутјуб: bit.ly/Sistee-Yvonne.
- Слушнете ја песната на Ивон за Бога на јутјуб: bit.ly/Sistee-Yvonne-video.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна, од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq Овие слики се поставуваат на Интернет во недела, шест дена пред да биде раскажана оваа мисионска приказна.
- fb-mq. Овие слики се поставуваат на интернет во недела, шест дена пред да биде раскажана оваа мисионска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од ADAMS базата на податоци: bit.ly/Sister-Act-Yvonne.
- Сликите со голема резолуција за проектите за 13. Сабота можете да ги симнете од ADAMS:bit.ly/ECD-projects-2019

## Брзи факти

- Значајното подобрување на здравствените услуги во изминатите десет години во Руанда резултирало со општо подобрување на здравјето на луѓето и зголемување на животниот век за 10 години.



30 ноември 2019

# Спасен со нехристијанска книга

ИСТОЧНОЦЕНТРАЛНА АФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА

Илајџа, 50

Внимателното проучување на Библијата многу луѓе довело до Христијанската адвентистичка црква во источна Африка.

Меѓутоа, Илајџа дошол во адвентистичката црква внимателно проучувајќи ја светата книга од нехристијанска светска религија.

Илајџа пораснал во религиозно исламско семејство истакнувајќи се во своите студии во источна Африка. Направил религијата да му биде основа на неговото животно дело, стекнувајќи сродно звање на универзитетите во три земји на Блискиот исток.

Се издигнал како религиозен водач во својата држава, а меѓу одговорностите кои ги имал, го надгледувал и мисионското дело во својата земја.

Меѓутоа, кога отишол на академски пат во Италија, во Рим, видел натписи на куќите кои зборувале дека Бог им заповедал на луѓето да почиваат во Господовиот ден од одморот. Од Библијата дознал дека ден за Божјиот одмор е сабота, но во Рим видел дека продавниците затвораат во недела и луѓето тогаш одат во црква.

Нешто друго го збунувало Илајџа. Посетувајќи ги античките ископини во Италија, видел дека луѓето биле крштавани со нурнување во вода, како Исус на реката Јордан. Меѓутоа, нему и на другите академски патници им било кажано дека крштавањето денес се извршува со прскање вода по главата на луѓето. Во Библијата не можел да најде упатства за вакво крштавање.

Кога се вратил во својот дом, внимателно читал повеќе од шест поглавја во својата света книга која зборувала за Исуса. Посебно се сосредоточил на деветнаесеттата глава, која сега ја споредува со книгата на Елена Вајт „Копнежот на вековите“.

Илајџа имал 40 години и за сето тоа време никој во животот не му проповедал за Исус. Од својата света книга дознал дека Исус е голем

пророк, но и обичен човек како и сите останати. Сега, во својата света книга читал за Исусовото божество, за Неговата смрт, за Неговата сила на создавање и прекрасните чуда што ги правел на Земјата.

Во 3. глава, стиховите 45. и 46. прочитал зборови кои го восхитиле и од кои сфатил дека Исус е всушност Бог.

Отворајќи ја Библијата, ги споредил тие стихови со стиховите запишани во Книгата на пророкот Исаија: „ Зашто, ни се роди Дете, Син ни се даде, власта му е на рамото. Името ќе Му биде: Чудесен Советник, Силен Бог, Вечен Татко, Кнез на Мирот“ (Исаија 9,6).

Илајџа одлучил – ќе го прославува Исуса.

„Мојата света книга ми помогна да го сфатам Исусовото божество и Исуса како Творец. Веднаш одлучив да го прифатам Исуса како Творец, Господ и Откупител во својот живот“, рекол во едно интервју. „Никој никогаш не ми зборувал за ова“.

Додека Илајџа ја барал црквата во која би можел повеќе да дознае за Исуса, се сетил на јавните улични дискусии, таканаречените дијалози, во кои водачите на неговата нехристијанска религија ги споредувале своите учења со христијанските, вклучувајќи ги и адвентистичките.

„Повеќе од која било друга христијанска деноминација, адвентистите ги предизвикуваа моите свештеници околу Исусовото божество.“

Така, во сабота отишол во адвентистичката црква.

Само по неколку дена, Илајџа бил принуден заедно со сопругата и малите деца да побегне во друг град, бидејќи неговите роднини, дознавајќи дека се интересира за христијанството, се заканувале дека ќе го убијат.

Првата сабота во новиот град, заедно со сопругата Илајџа отишол во адвентистичката црква, токму тогаш кога започнувала двонеделната евангелска серија предавања што ја водел Алан Корали, извршниот секретар на Источноцентралната африканска дивизија на Христијанската адвентистичка црква.

На крајот од евангелизацијата, Илајџа и неговата сопруга Жосефин биле крстени со потопување во вода.

Денес Илајџа има 50 години и вредно ја шири веста за Исусовото спасение на оние кои никогаш ништо не слушнале за Него. Многу луѓе биле крстени благодарение на неговите евангелски состаноци и

работа како литерарен евангелист. Тој исто така служи и како ѓакон во црквата.

Можеби некои луѓе ќе кажат дека обратувањето на Илајџа имало преголема цена, но тој ништо не би променил.

„Стиховите во Филипјаните 3,7-14, нè предизвикуваат да оставиме на страна сè што поседуваме и тоа да го сфатиме како ништожно за да го придобиеме Христа. На страна го оставив моето пошироко семејство, големите религиозни факултети на кои студирав, дипломите и звањата, престижните позиции во општеството, високата плата од страна на државите во кои студирав. Сега сум сосредоточен само на Исуса Христа“.

Обраќајќи им се на сите кои ја читаат неговата приказна, тој вели: „Ви посакувам да се покаете и да се насочите на Исуса, за да бидете спасени“.

## Во врска со приказната

- Списанието адвентистичка мисија го стави само името на Илајџа, не откривајќи каде се наоѓа, за да го заштити неговиот живот и приватност, бидејќи луѓето што ќе ја променат својата религија често пати се соочуваат со напади, а понекогаш и со смрт.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна, од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставени на Интернет во недела, шест дена пред да биде објавена мисионерска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од базата на податоци ADAMS:bit.ly/Saved-by-Non-Christian-Book.
- Сликите со голема резолуција за проектите 13 Сабота можете да ги преземете од ADAMS>bit.ly/ECD-projects-2019.



# Сметководител без пари

ЕТИОПИЈА | 7 декември 2019

Марта Етана Чивака, 45

Марта Етана Чивака имала голем проблем. Имала голема плата во една банка во Адис Абеба, главниот град на Етиопија. Меѓутоа, секој месец останувала без пари пред да ја прими наредната плата.

Марта, која била сметководител, внимателно ги планирала своите трошоци. Кога добивала плата најнапред одвојувала пари за десеток, потоа плаќала кирија за својата мала куќа и купувала бело пченично брашно за да прави леб, маслиново масло, зачини, убава облека и обувки.

Меѓутоа, последната седмица во месецот била стресна. Немала пари и поради тоа морала да јаде помалку. Не можела ништо да заштеди.

Марта се омажила за својот колега, сметководител. И двајцата учествувале во создавањето на месечниот буџет. Меѓутоа, повторно останувале без пари пред да заврши месецот.

„Зошто овие пари не се благословени“, се прашувала Марта. Истиот момент, една идеја ѝ дошла на ум: „Можеби Бог не ги благословува овие пари затоа што работам во Неговиот свет ден“.

Додека размислувала за ова, се сетила као Бог ѝ зборува: „Зошто работиш во сабота? Ако бидеш послушна на моите заповеди, твоите пари ќе бидат благословени“.

Марта се сетила дека одела во саботната школа и во црква со своите родители адвентисти. Престанала да оди кога се вработила во банката, а тогаш имала 21 година.

Етиопија има шестдневна работна седмица, и повеќе работи се одвиваат во сабота.

Марта пораснала во сиромашно семејство и посакувала голема банкарска плата.

Секогаш давала десеток, онака како што научила во саботната школа како дете. Понекогаш во саботите, по работното време во бан-


30

ката, наминувала во црква и му ги предавала своите пари на пасторот. Понекогаш пликот со парите го давала на својот пријател адвентист, за тој да ги однесе во црква.

И покрај својата верност во давањето на десетокот, пари секогаш им недостасувале.  Одлучила да побара помош од Бога.

„Те молам помогни ми да најдам друга работа за да не морам да работам во сабота“, се молела таа.

Еден месец секојдневно се молела, но ништо не се случило.

„Дозволи ми да ја напуштам работата“, му рекла на својот сопруг. „Ја кршам Божјата волја, а тоа е причината што постојано остануваме без пари. Твојата плата ќе ни биде доволна, ако Бог нè благослови“.

„Да, треба да ја напуштиш работата“, рекол сопругот.

Тој исто така бил адвентист и веќе подолго време сакал таа да престане да работи во саботите.

Меѓутоа, Марта не ја напуштила работата. Наместо тоа, продолжила да работи и да се моли за нова работа.

Поминале две години, и таа повеќе не можела да го издржи овој притисок. Често, во текот на денот чувствувала глас кој ѝ зборувал. „Ова е вистинското време да ја напуштиш својата работа. Ова е вистинското време да ја напуштиш својата работа. Ова е вистинското време да ја напуштиш својата работа“.

Притисокот станал неподнослив. Откако постела и се молчела пет дена, ја најавила својата оставка во банката.

Нејзините работодавци биле вознемирени. Била добар работник, и не сакале да ја изгубат. Ѝ понудиле нова позиција во која би можела да отсуствува од работа по некоја сабота.

Марта не била во искушение поради оваа понуда. Знаела дека е време да биде целосно верна на Бога, бидејќи долго време ја кршела Неговата волја.

Додека излегувала од банката, била исполнета со мир и радост. Не се чувствувала вака откако почнала да работи во банката пред 13 години.

Поминал еден месец, и за прв пат нејзиниот сопруг и таа не останале без пари. Биле изненадени.

„Од овој ден верувам во Бог дека ќе ја благослови твојата плата за да биде доволна за нас“, му рекла на својот сопруг.

Оваа брачна двојка не ги променила своите навики. Тие и понатаму уживаат во лебот направен од бело пченично брашно, маслиновото масло, зачините, во нова облека и обувки. Но сега, пари има доволно.

„Не ми е јасно од каде доаѓаат парите, но мојот дом е многу благословен“, вели Марта. „Да се биде послушен на Бога е подобро, отколку да се заработуваат пари“.

Дел од даровите на 13. сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на училници за детската саботна школа во Етиопија. На тој начин повеќе деца, како и Марта кога била мало девојче, ќе можат да научат за важноста на саботата и за враќањето на десеттиот дел на Бога.

## Во врска со приказната

- За време на борбата околу почитувањето на саботата, Марта се повикувала на ветувањата за проштавањето и благословите запишани во Псалмите: „Благословувај Го Господа, душо моја, и сè што е во Мене: Неговото свето име! Благословувај Го Господа, душо моја, и не заборави ги Неговите добротворства: Тој ги проштава сите твои гревови, Тој ги исцелува сите твои болести“ (Псалм 103,1-3).
- Марта не нашла нова работа. Наместо тоа одлучила да се посвети на домот и подготвувањето на храната. Таа е многу активна во својата локална црква и учествува во миисонската служба во затворот, во група за проучување на Библијата, младинските програми, самарјански посети на болните и стари верници, здравствени програми и богослужби во петок.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставуваат на Интернет во недела, шест дена пред да биде објавена оваа мисионерска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од базата на податоци ADAMS:bit.ly/Accountant-Whitout-Money.
- Сликите со голема резолуција за проектите за 13. Сабота можете да ги преземете од ADAMS:bit.ly/ECD-projects-2019.



# Нема што да се изгуби

ЕТИОПИЈА | 14 декември 2019

Синтајеху Кидане Берхану, 39

Првите две години од студиите на универзитетот во Адис Абеба му пролетале за миг на Синтајеху Кидане Берхану. А потоа, професорката го закажала завршниот испит од статика за сабота. Без положен испит, Симнтајеху не можел да дипломира.

Момчето било добро и внимателно на наставата. И пристапило на професорката и побарало помош: „Јас верувам дека Саботата е ден од одморот“, рекол, „го поминувам целиот ден служејќи му на Бога. Може ли да останам во црква?“?

Професорката иронично се насмевнала.

„Ова е академска институција. Ние сме ослободени од религијата и не можеме да се занимаваме со тоа“, рекла таа.

Синтајеху останал упорен: „Извинете, но тоа е мое верување. Дали би можеле да го промените денот на одржувањето на испитот“?

„Тоа е невозможно“, одговорила професорката.

Синтајеху, првиот адвентист во своето семејство, на своите роднини им ја објаснил ситуацијата во која се наоѓал, и ги замолил да се молат. Меѓутоа, наместо поддршка, тие го притискале да излезе на испит. Еден од вујковците, кој живеел во Германија, го потсетил дека тој како најстар е одговорен за шестмината помлади браќа и двете сестри. Нивните родители умреле извесно време пред тоа.

Роднината кој живеел во САД, предложил дупка во законот: „Зошто не излезеш на испит, а после тоа да се крстиш? Тоа е како да се тушираш. Понекогаш луѓето во САД така прават“.

Синтајеху, кој бил крстен уште како доста помлад додека одел во мисионското училиште Акики го отфрлил тој предлог: „Верувам дека крштевањето веќе еднаш е извршено. Не би требало да се прават планови тоа да го правиш повторно. Бог седи на својот престол и ни вели да ја празнуваме саботата“.

Дури и еден адвентистички пастор го поттикнувал да излезе на испит.

„Сатаната сака да те измами. Се обидува да ги поништи сите години и напорот што си го вложил во своето образование“:

Меѓутоа, Синтајеху одбил да потклекне.

„Верувам дека Бог е на Небото и знае што се случува во мојот живот. Ако знае и останува тивок во решавањето на тоа прашање, тоа значи дека има нешто многу подобро за мене. Треба да почекам“.

Синтајеху го пропуштил испитот, а професорката му дала лоша оценка. Но, тој не бил тажен бидејќи сфатил дека нема што да изгуби.

Следната година, повторно зел часови по статика. Му предавала истата професорка и таа повторно го закажала завршниот испит во сабота. Повторно го пропуштил испитот и ја изгубил годината. Третиот пат кога го пропуштил испитот ја изгубил годината и бил отстранет од универзитетот.

Правилата на универзитетот налагале дека студентот мора да ги напушти студиите ако три пати пропушти или падне на испит.

Синтајеху мислел дека тоа е крај на неговото студирање, но не бил загрижен. Сфатил дека нема што да изгуби.

Се вработил како воспитувач во адвентистичката градинка во Дебрецајт, град оддалечен 40 километри од Адис Абеба.

Поминала една година, а потоа универзитетот објавил дека дошло до промена на правилата, бидејќи во изминатиот семестар морал да исфрли голем број студенти, кои три пати паднале на испит. Одлучено е на студентите кои имале просек 2.0 или повисок, да им се дозволи повторно да студираат.

Синтајеху се вратил на универзитетот и повторно тргнал на часови по статика по четврти пат. Неговата бивша професорка го напуштила универзитетот, а тој лесно го положил тој предмет.

Кога дипломирал, едно адвентистичко училиште во Адис Абеба веднаш му понудило работа, благодарение на добрата репутација која ја стекнал во градинката.

Подоцна стекнал диплома на мастер и отишол да работи во Адвентистичкото светско радио. Денес, тој е телевизиски продуцент за адвентистичкото радио и ТВ станица.

Една од омилените активности на Синтајеху е да се запознава и да ги храбри студентите на адвентистичкиот кампус на својот стар универзитет во Адис Абеба. Многу студенти се соочуваат со пробле-

мот на настава во сабота. Синтајеху им зборува да му останат верни на Бога, да ја одржат саботата, бидејќи немаат што да изгубат.

„Моите колеги од наставата мислеа дека многу сум изгубил поради тоа што бев исфрлен од универзитетот. Можеби дипломираа пред мене и беа веднаш вработени. Но, мене сега ми е многу подобро отколку на нив. Ако сега бидат отпуштени од работа или бидат соочени со тешки ситуации, тие можат да изгубат сè. Меѓутоа, јас немам што да изгубам. Го имам Бога и тој ми е сè“.

## Во врска со приказната

- Синтајеху бил крстен во седмо одделение од основното училиште, а неговото прво искуство на учество во богослужение било читањето на седмична мисионска приказна за илјада ученици на саботната школа. Можеби денес ќе го прочитате своето лично искуство во саботната школа.
- Неговото мото е: „Верувам дека Бог цврсто седи на својот престол, дека знае и гледа што се случува во мојот живот. Кога Нему му ја предадов мојата целокупна грижа, почувствував олеснување. Јас седам долу и гледам што прави Бог, и не се грижам околу тоа.
- Погледнете го видео клипот на јутјуб со Синтајеху на линкот: bit.ly/SXintayehu-Berhanu.
- Сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна преземете ги од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од базата на податоци ADAMS:bit.ly/Nothing-to-Lose-Ethiopia.
- Сликите со голема резолуција за проектите за 13. Сабота може да ги преземете од ADAMS:bit.ly/ECD-projects-2019.



# Сираче купува сиропиталиште

Демократска република Конго | 21 декември

Патрик Кајенд Омугамај, 32

Дали некогаш ве нарекле вештер? Сите така го нарекувале четиринаесетгодишниот Патрик, кога мајка му умрела.

Патрик бил најстарото дете во семејство со девет деца во Киншаса, главниот град на Демократска Република Конго. Неговата мајка се грижела за семејството, но ненадејно умрела. Тогаш сета одговорност ја презел тој.

Бидејќи не можел да работи, одел од куќа до куќа молејќи за храна. Соседите биле уверени дека тој е вештер, и затоа одбивале да му помогнат. Една година подоцна, властите го ставиле во сиропиталиште, каде добивал храна и стекнувал образование.

Кога наполнил 21 година сиропиталиштето било затворено, а тој се вратил во стариот крај. Луѓето шепотеле: „Вештерот се врати“.

Наредните две години биле најтешки во неговиот живот. Полнел пластични кесиња со вода за пиење и се обидувал да ги продава на улица.

Поминувал многу часови во размислување за животот под едно дрво манго. Иднината му изгледала безнадежно.

Единствена светла точка во неговиот живот била црквата во која верно одел секоја сабота. Неговата мајка била адвентистка.

Една сабота, еден адвентистички доктор, Џек Кавалоа, свикал состанок со младите. Понудил помош на секој кој имал одржлива идеја за мал бизнис. Патрик сакал да отвори Интернет кафе.

Џек рекол дека тоа многу би чинело, и понудил 50 американски долари во ситни апоени.

Размислувајќи што да направи, Патрик му ги покажал парите на старешината на црквата.

„Пред да направиш што било, треба да дадеш десеток“, рекол старешината.

Размислувал: „Дали старешината е против мене? Јас немам пари, а тој ми вели да дадам десеток“.

Старешината му прочитал од Библијата за давањето десеток, и Патрик веднаш му предал 5 долари. Старешината се помолил за Патрик и рекол: „Бог нека биде со тебе“.

Сега Патрик имал 45 долари. По многу размислување купил еден голем чадор, маса, стол, и два стари мобилни телефони кои можеле само да повикуваат.

Ја ставил масата на улица и ставил натпис, „Јавен телефон“. Се надевал дека луѓето ќе плаќаат за да повикаат некого од неговите мобилни телефони.

Соседите му зборувале дека работата ќе му пропадне. „Каква е таа работа? Никогаш нема да ти успее“.

И покрај трошоците, Патрик заработувал околу 2,5 долари дневно. Позајмил мотор со приколка  и почнал да нуди такси превоз во текот на ноќта. По некое време успеал да заштеди 300 долари.

Потоа отишол на состанок на вработените луѓе, на кој пасторот побарал ветувања за поддршка на евангелската серија предавања во Киншаса. До ден-денес Патрик не знае зошто ветил 200 долари.

Пријателите сметале дека тоа е глуп потег. „Како можеш сега да дадеш 200 долари? Која работа сега ја работиш“?

Поминало еден месец и Патрик почнал да се сомнева во тоа дека донел погрешна одлука.

Еден ден, додека стоел покрај својата телефонска маса, еден странец му пришол и му понудил лаптоп за 120 долари. Патрик сметал дека лаптопот може да му помогне да ја прошири својата работа, но имал само 80 долари.

Странецот ја одбил понудата како многу мала, и си заминал. По кратко време повторно се вратил и ги прифатил понудените 80 долари за лаптопот.

Следното утро, друг странец дошол до масата на Патрик и прашал дали познава некој кој би продал лаптоп. Рекол, „Мојот пријател сака да купи лаптоп и е подготвен да плати 600 долари.“

Патрик и странецот отишле во куќата на пријателот. Кога видел дека лаптопот функционира, пријателот го прашал за цената.

Патрик рекол: „600 долари“.

„Ќе ти дадам 550 долари“, рекол човекот.

„Продадено", одговорил Патрик.

Напуштајќи ја куќата на овој човек не можел да поверува во она што се случило. Купил лаптоп за 80 долари, а наредниот ден го продал за 550 долари. Кога дал десеток, ја унапредил својата работа, бидејќи направил дрвена кабина и почнал да нуди услуга за размена на пари како додаток на телефонскиот бизнис.

Неговата работа напредувала. Набргу почнал да заработува меѓу 300 и 400 долари неделно, а потоа неговите приходи скокнале и на 2000 долари.

Патрик го купил сиропиталиштето во кое некогаш живеел.

Денес, заедно со неговата сопруга, чуваат шест сирачиња во сиропиталиштето и водат училиште во истата зграда, а децата од улица добиваат бесплатни оброци. Тој е подготвен да подари 50 долари на секоја вдовица во црквата која има одржлива идеја за некој мал бизнис.

Неговото соседство повеќе не го нарекува вештер. „Луѓето зборуваа дека сум врештер, но Бог покажа дека сум Негово дете", истакнува Патрик.

Ви благодарам што ги поддржувавте даровите за 13-тата сабота во 2016 година, овозможувајќи исто така изградба на детски саботношколски училници во три цркви во Киншаса, вклучувајќи ја и црквата во која оди Патрик.

Дел од даровите за ова тримесечје ќе бидат употребени за адвентистичката клиника во Киншаса.

## Во врска со приказната

- Погледнете го видео клипот на јутјуб со Патрик на линкот: bit.ly/Patrik-Omughamay.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставуваат на Интернет во недела, шест дена пред да биде објавена оваа мисионерска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од базата на податоци ADAMS:bit.ly/Orphan-Buys-Orphanage.
- Сликите со голема резолуција за проектите за 13.Сабота можете да ги преземете од ADAMS:bit.ly/ECD-projects-2019.

## Брзи факти

- Демократска Република Конго била позната под името Заир од 1971 до 1997 година.

# Програма на 13-тата сабота

| | |
|---|---|
| Воведна песна | „Земните знаци јавуваат вест“ песна бр. ??? |
| Добредојде | Водачот на саботната школа |
| Молитва | |
| Програма | „Имам болки“ |
| Дар | |
| Завршна песна | „Нека те вера води“ песна бр. ??? |
| Завршна молитва | |



## „Имам болки“

ПРОГРАМА НА 13. САБОТА | 28 декември 2019

Франк Мбунга Мудибу, 39

Ники Масела Мбунга, 34

Ники Масела Мбунга панично го повикала својот сопруг Франк во адвентистичката болница во Киншаса во која работел како медицински техничар.

„Имам болки“, зборувала плачејќи. „Чувствувам длабока болка во стомакот“.

Ники била во осмиот месец од бременоста, откако четири години се молела да добие дете.

Франк се посоветувал со клиничкиот лекар, и тој препорачал Ники да земе лек кој би ѝ ја намалил болката и да дојде на клиниката доколку болката продолжи.

Таа ноќ болката се вратила. Ники била уморна и слаба и не можела дури ни да стане. Франк го повикал лекарот, кој му рекол веднаш да ја донесе Ники на клиниката.

Во амбулантата лекарот видел дека Ники изгубила многу крв и дека и е потребна итна трансфузија. Им препорачал Ники да биде префрлена со поголема болница со подобра опрема.

Меѓутоа, Франк немал пари за поголема болница. Како медицински техничар знаел дека состојбата на неговата сопруга е критичка. Го замолил докторот да го направи најдоброто што го може.

Медицинскиот персонал ја одвел Ники во една операциона сала, опремена со едноставен стол за операција и метална количка на која се наоѓала основната хируршка опрема.

Додека Франк излегувал од салата, можел да ја види докторката како се обидува да ја пронајде вената за да почне со трансфузија.

Во чекалната, лекарите и медицинските сестри го храбреле Франк.

„Не плашете се", рекла една. „Бог ќе ни помогне", рекла друга.

Франк видел дека персоналот се моли за неговата сопруга. Една медицинска сестра го повикала на молитва.

„Операцијата се одвива добро", рекла „но треба да продолжите да се молите".

Франк верувал дека Бог ќе интервенира. Отишол во една празна просторија, клекнал на молитва и рекол: „Боже, мојата сопруга е посебна личност во моето семејство. Ако сакаш да ми помогнеш, Те молам спаси ми ја сопругата. Нејзините родители не се адвентисти, и знаат дека таа сега се наоѓа во адвентистичка амбуланта. Ако умре овде..." Неговиот глас се стишил.

Клиниката повикала специјалист за да асистира при операцијата. Но, лекарот специјалист рекол преку телефон дека ќе му биде потребно еден час за да стигне до клиниката. Лекарката видела дека Ники не би можела да чека толку долго и одлучила итно да ја оперира. На клиниката недостасувала опрема за операција, но таа ќе даде сè од себе.

Кога лекарката започнала да ги стерилизира инструментите, снемало струја. Меѓутоа, операцијата не можела да чека.

Ја стерилизирала опремата на традиционален начин – со оган.

Кога ја отворила Ники, насекаде видела крв. Било предоцна, срцето на бебето не чукало.

Сето свое внимание го посветила на Ники, која имала потешкотии со дишењето. Размислувала само за тоа како да го спаси нејзиниот живот. Конечно, нејзината состојба почнала да се стабилизирала, и Франк бил повикан во собата.

Ники се закрепнала без никакви компликации, а раната зараснала без инфекција.

Лекарката Олив Кисиле, им кажала на овие сопружници дека Бог направил чудо таа вечер.

„Бог беше милостив кон тебе, треба да Му бидеш благодарна“.

Подоцна се доверила, и рекла: „Човечки гледно, Ники требаше да умре. Овде на дело беше Божјата рака“.

Еден месец по загубата на бебето, Ники и Франк и понатаму закрепнувале од траумата, но подготвено го изнесувале своето искуство како сведоштво за Божјата љубов.

„Од нашето искуство, можам да кажам, дека Божјата рака им помага и ги спасува луѓето на нашата клиника“, вели Франк.

„Ако мојата сопруга отидеше на друго место, таа најверојатно ќе умреше. Бог го сочува нејзиниот живот бидејќи персоналот се молеше за неа“.

Ова искуство, исто така, влијаело и на роднините кои не се адвентисти. Неодамна, татко ѝ на Ники му рекол на Франк, „Вие адвентистите сте посебни луѓе, бидејќи љубовта е насекаде околу вас“.

Сега и тој ја добива сета потребна медицинска нега во таа клиника.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за подобрување и проширување на клиничките услуги, за набавка на неопходната опрема и изградба на дополнителни простории за клиника.

„Упатувам посебен повик на луѓето да ѝ помогнат на нашата клиника. Таа може да биде моќно мисионско орудие, кое влијае на животите на многу луѓе“, вели Франк.

Во меѓувреме, Ники и тој ја предале во Божји раце желбата да добијат дете.

„Иако го изгубивме бебето, благодарен сум му на Бога што мојата сопруга е жива, а знам дека Бог може да направи повторно да добиеме бебе“.

Ви благодарам што помагате да се излезе во пресрет на физичките и духовните потреби на луѓето во Демократска Република Конго

и секаде во Источноцентралната африканска дивизија, со посредство на вашиот денешен великодушен дар на 13-тата сабота.

*(Приложување на даровите, проследено со инструментална музика).*

## Во врска со приказната

- Погледнете го видео клипот на јутјуб со Франк и Ники на ликнкот:bit.ly/Frank-Mudibu.
- Префрлете ги сликите со средна резолуција поврзани со оваа приказна од нашата фејсбук страница: bit.ly/fb-mq. Овие слики се поставуваат на Интернет во недела, шест дена пред да биде презентирана оваа мисионерска приказна.
- Сликите со голема резолуција можете да ги преземете од ADAMS база на податоци:bit.ly/Im-Hurting.
- Сликите со голема резолуција за проектите за 13. Сабота можете да ги преземете од ADAMS:bit.ly/ECD-projects-2019.

# Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите кои ќе бидат во центарот на вниманието за следното тримесечје доаѓаат од Интеревропската дивизија на Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква:

- Воспоставување на образовна мисионска програма за децата со слабо здравје во Прага во Република Чешка.
- Реновирање на главната зграда на академијата Мариенехеле во Дармштат во Германија.
- Проширување на адвентистичкиот колеџ Сагунто со изградба на повеќенаменска зграда во Валенсија во Шпанија.

# Извор на информации за читателите

**Бесплатното DVD** преземе го од интернет на www.missionspotlight.org

**За повеќе информации** за разновидното културно наследство на Етиопија, Демократска Република Конго, Руанда, Танзанија, Јужен Судан и Кенија (ICAD), обратете се во вашата локална библиотека, туристичка агенција или амбасада на посакуваната земја. Внесете го името на земјата во вашиот интернет прелистувач.

***Следниѿе веб-сѿраници можаѿ да бидаѿ од ӣолза:***

Ethiopia: government website bit.ly/GovEth / Wikitravel bit.ly/KenyaTra
Democratic Republic of Congo: bit.ly/GovCongo / CNN Travel bit.ly/CongoTra
Rwanda: government website bit.ly/GovRwa
World Travel Guide bit.ly/RwandaTra
Tanzania: government website bit.ly/GovTan / Fodors bit.ly/TanzTra
South Sudan: government website bit.ly/GovSSud / Lonely Planet bit.ly/SSudTra
Kenya: government website bit.ly/GovKen
National Geographic bit.ly/KenTra / Seventh-day Adventist
East-Central Africa Division bit.ly/ECDSDA
East Kenya Union Conference bit.ly/EKUCSDA
West Kenya Union Conference bit.ly/WKUCSDA
Northern Tanzania Union Conference bit.ly/NTUCSDA
Southern Tanzania Union Mission bit.ly/STUMSDA
West Congo Union Mission bit.ly/WCUMSDA

**Адвентистичкото мисионско DVD** е бесплатен прилог на списанието во кој можат да се видат искуствата од земјите за коишто зборувавме, како и за Светската мисија на адвентистиката црква. Замоли го водачот на саботната школа да ти направи една копија од ова **DVD**, или оди на www.AdventistMission.org www.AdventistMission.org/dvd.

**Мисионското списание** побарајте го и на социјалната мрежа фејсбук. Читајте ги, коментирајте, лајкувајте ги нашите стории на www.facebook.com/missionquarterlies.

**Средство за остварување на целта.** Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот саботношколски одбор да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете малку повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота).

Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

ГРАДИВО 4/2019
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**